**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Внатрешното упатство содржи:**


1. *Што претставува Корнам и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите Корнам*
3. *Како да го употребувате Корнам*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Корнам*


# Kornam®/Корнам® таблети 2 mg
# Kornam®/Корнам® таблети 5 mg

TERAZOSIN

Активна супстанција е теразосин.
Помошни супстанции:
Корнам таблети 2 mg: лактоза монохидрат, микрокристална целулоза, пченкарен скроб, талк, колоидна анхидридна силика, магнезиум стеарат, железен оксид (жолт) E172.
Корнам таблети 5 mg: лактоза монохидрат, микрокристална целулоза, пченкарен скроб, талк, колоидна анхидридна силика, магнезиум стеарат, железен оксид (жолт) E172.

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет: Лек Скопје Дооел, Перо Наков бр.33., Скопје, Р. Македонија.

Име и адреса на производителот: Lek farmacevtska družba d.d., Verovškova 57, Љубљана, Словенија.

## 1. Што претставува Корнам и за што се употребува

Една таблета содржи 2 mg теразосин во форма на теразосин хидрохлорид дихидрат.
Една таблета содржи 5 mg теразосин во форма на теразосин хидрохлорид дихидрат.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ СКОПЈЕ

Содржина на пакувањето:
Кутија со 30 таблети (3x10) во блистер пакување.

Корнам припаѓа на групата лекови таканаречени алфа-адренергични блокатори. Тој предизвикува релаксација и ширење на крвните садови (вени и артерии) со што се олеснува протокот на крвта низ нив.
Поради ова, Корнам се употребува за лекување на хипертензија (зголемен крвен притисок).
Исто така, Корнам се употребува за лекување на бенигна хиперплазија на простатата (зголемена простата). Тој ги релаксира мускулите во простатата и мочниот меур, со што се олеснува уринирањето.

## 2. Што треба да знаете пред да го употребите Корнам

**Немојте да го употребувате Корнам ако:**

- сте преосетливи на теразосин, на некој друг лек од групата на алфа-адреноцепторни блокатори или на било која друга составна компонента на лекот.

**Бидете посебно внимателни со Корнам:**

- ако не сте го земале лекот неколку дена, продолжете го лекувањето со почетната доза откако претходно ќе се посоветувате со Вашиот лекар,
- ако не се чувствувате добро, немојте да го прекинувате земањето на Корнам без да се консултирате со Вашиот лекар,
- ако имате проблеми со црниот дроб,
- ако имате инфекции на бубрезите и мочниот меур или доколку имате камен во мочниот меур,
- ако некогаш сте се онесвестиле после уринирање (уринарна синкопа),
- ако страдате од постурална хипотензија (пад на крвниот пристисок кој предизвикува вртоглавица при промена на положбата на телото – при станување од легната или седечка положба).

Корнам може да влијае врз зениците од очите при операција на катаракта (перде на окото). Доколку имате потреба од хируршки зафат на окото поради катаракта додека трае лекувањето со Корнам, пред операцијата информирајте го хирургот дека земате теразосин. Не ја прекинувајте употребата на лекот пред операцијата, освен ако тоа не го одреди Вашиот хирург.

Ве молиме да се посоветувате со Вашиот лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас кога било во минатото.

**Земање на Корнам со храна и со напиток**
Избегнувајте конзумирање на алкохолни пијалоци додека го земате Корнам.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ * СКОПЈЕ *

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Ако забремените додека земате Корнам, веднаш прекинете го лекувањето и консултирајте се со Вашиот лекар.

Информирајте го Вашиот лекар доколку сте бремена.

**Доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Информирајте го Вашиот лекар доколку доите.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

Поспаност, вртоглавица и/или синкопа (краткотрајно губење на свеста) може да се појават особено на почетокот од лекувањето. Поради тоа, 12 часа после првата доза, после зголемување на дозата или после прекинување и повторно земање на лекот, не возете и не ракувајте со било какви алатки или машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Корнам**

Лекот содржи лактоза монохидрат. Ако Ви е кажано од Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек контактирајте го лекарот.

**Земање на други лекови**

Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние препарати што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

- лекови кои го зголемуваат излачувањето на урина - диуретици (фуросемид, хидрохлоротиазид),
- лекови за намалување на зголемен крвен притисок (атенолол, метапролол) и други (блокатори на калциумови канали, бета-адренергични блокатори и моноксидин),
- лекови кои ги прошируваат крвните садови – вазодилататори,
- лекови кои се користат за третман на астма или проблеми со срцето, проблеми со очите, затнат нос – симпатомиметици,
- лекови кои се користат за сексуална дисфункција - инхибитори на фосфодиестераза тип 5 (пр. силденафил, варденафил, тадалафил).

Информирајте го Вашиот лекар за секоја промена во дозирањето на било кој лек што го земате во моментот.

## 3. Како да се употребува Корнам

Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.

Дозата и начинот на употреба на лекот ги одредува Вашиот лекар. Можно е тој да ја промени дозата неколку пати пред да ја одреди Вашата оптималната доза.

Земајте го лекот пред спиење освен ако Вашиот лекар не Ви препорачал поинаку.

Таблетата се голта со доволно количество течности (на пр. една чаша вода).

**Хипертензија**

Вообичаената почетна доза изнесува 1 mg на ден (половина таблета Корнам од 2 mg) пред спиење. Вашиот лекар ако е потребно, постепено ќе ја зголемува дозата, се додека не се нормализира крвниот притисок.

**Бенигна хиперплазија на простата**

Почетната доза изнесува 1 mg на ден (половина таблета Корнам од 2 mg) пред спиење. Ефектот на лекот може да се забележи после две недели од започнувањето на лекувањето. За постигнување на максимален ефект потребни се 4 до 6 недели лекување со доза од 10 mg теразосин на ден. Таблетите секогаш земајте ги онака како што Ви препорачал Вашиот лекар.

**Употреба кај пациенти со оштетување на бубрезите**

Доколку имате посериозни оштетувања на бубрезите (намален уринарен одлив, анурија, или напредната бубрежна инсуфициенција) не треба да го користите овој лек.

**Употреба кај постари пациенти**

Кај постари пациенти не е потребно прилагодување на дозата.

**Употреба кај пациенти со оштетување на црниот дроб**

Потребна е посебна претпазливост доколку имате нарушена функција на црниот дроб. Употребата на Корнам не се препорачува кај пациенти со оштетување на црниот дроб.

**Употреба кај деца и адолесценти**

Употребата на Корнам не се препорачува кај оваа возрасна група.

*Ако имате впечаток дека ефектот на Корнам е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза од Корнам отколку што треба**

*Ако сте земале поголема доза од лекот Корнам отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ * СКОПЈЕ *

Употребата на прекумерни дози од лекот може да предизвика изразено намалување на крвниот притисок. Во таков случај, веднаш известете го Вашиот лекар.

**Ако сте заборавиле да го земете Корнам**

*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

Ако сте заборавиле да земете Корнам во вообичаеното време, земете го лекот веднаш штом ќе се сетите и продолжете понатаму да го земате според претходниот режим. Ако неколку дена не сте земале Корнам, посоветувајте се со Вашиот лекар; повторно ќе ја започнете терапијата со употреба на почетната доза.

**Ефекти кога престанува третманот со Корнам**

Секогаш посоветувајте се со Вашиот лекар пред да го прекинете лекувањето.

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите лекови, Корнам може да има несакани дејства.*

Секое сериозно несакано дејство треба да се пријави што е можно поскоро затоа што можно е да биде потребно да се прекине лекувањето.
Можни се следните несакани дејства:

***Многу чести***

- главоболка,
- вртоглавица,
- вертиго,
- општа слабост (астенија).

***Чести***

(со веројатност да се појават кај 1 од 10 лица):

- поспаност, чувство на иглички и боцкање,
- заматен вид,
- чувствување на сопствениот пулс (срцевите отчукувања), забрзан срцев ритам, пад на крвниот притисок што се јавува при промена на положбата на телото од легната во седната или стоечка положба кое резултира со вртоглавица и зашеметеност,
- затнат нос, тешкотии при дишењето,
- гадење,
- болка во екстремитетите, болка во грбот,
- неспособност да се постигне или одржи ерекцијата,
- отекување на нозете и зглобовите поради прекумерна задршка на течности,
- нервоза,
- замор,
- отоци на мукозата.

*Помалку чести*
(со веројатност да се појават кај помалку од 1 од 100 лица):

- губење на свеста,
- депресија,
- отоци.

*Ретки*
(со веројатност да се појават кај помалку од 1 од 1000 лица):

- зголемена телесна тежина

*Непозната честота*
(не може да се процени веројатноста за појава):

- кашлица,
- сува уста, слаба дигестација (варење на храната), флатуленција (надуеност), стомачна болка, запек, дијареја, повраќање,
- болка во зглобовите и вкочанетост, болка во мускулите,
- болни и отечени зглобови, зголемена телесна температура, прекумерно потење,
- воспаление на бронхиите (бронхитис),
- воспаление на фаринксот (фарингитис),
- симптоми на грип,
- воспаление на назофаринксот (назофарингитис),
- воспаление на носот (ринитис),
- инфекции на уринарниот тракт,
- намален број на крвни плочки (тромбоцитопенија),
- сериозни алергиски реакции,
- гихт,
- несоница,
- воспаление на конјуктивите (конјуктивитис),
- ѕуење во ушите,
- неправилен срцев ритам (аритмија),
- атријална фибрилација,
- ширење на крвните садови (вазодилатација),
- крварење од носот,
- чешање, исип,
- болки во вратот и рамењата,
- зголемено мокрење, несвесно мокрење,
- болна и трајна ерекција на машкиот полов орган,
- болка во градите, отоци на лицето,
- намалени нивоа на албумини, намален хематокрит, намален хемоглобин,
- намалено ниво на вкупни протеини, намален број на леукоцити.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. Чување на Корнам

Лекот се чува на температура до 25°C.
**Лекот се чува на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

*Внатрешното упатство е одобрено:*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет:**

Корнам 2 mg таблети:
Корнам 5 mg таблети: